КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-358
02.03. 2017 год
СКОПЈЕ

СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ - SHKOLLA TË MESME TË QYTETI SHKUP
"ВЛАДО ТАСЕВСКИ" - "VLADO TASEVSKI"
Република Македонија - Republika e Maqedonisë
Бр.Nr. 03-354/1
02.03. 2017 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# МЕМОРАНДУМ
# ЗА СТРУЧНО ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

Склучен помеѓу:

Комора на овластени архитекти и овластени унженери на Република Македонија, претставувана од претседателот д-р Миле Димитровски и

СУГС Владо Тасевски, претставувано до директорката М-р Билјана Глигорова

**Предмет на меморандумот:**

Член 1

Предмет на меморандумот е соработка на двете институции во областите од заеднички интерес, а особено унапредување на вештините на средношколците од училиштето, инженерските аспекти од сите оделенија кои ги има Комората, вклучително и влијанието на инженерството врз врз животната средина и здравјето.

Соработката подразбира и меѓусебни настапи на обете страни. Предвавачи од Комората подготвени за развој на вештините ќе гостуваат во училиштето со настава за подигнување на вештините на средношколците, како и со информации за упис на инженерските факултети, а ќе се користат искуствата од меѓународната заедница и меѓународните проекти.

Основа за соработка ќе претавува програма подготвена од двете страни, која ги антиципира интересите на СУГС Владо Тасевски и можностите на Комората.

**Услови за соработка**

Член 2

Соработката на двете страни ќе се одвива на основа дека секоја страна ќе ги поднесува трошоците за своето учество се додека не се создадат услови во кои ќе се остварат средства од реализација на проекти на меѓународен и домашен план и во тој случај трошоците за учество ќе се покриваат од средствата на домашните или меѓународните проекти, а според одлуките на носителот на проектот.

**Елементи на соработката**

Член 3

Елементите на соработката се состојат во размена на стручна литература, стручни информации, гостување на кадри за стручна работа, заеднички настапи на советувања,

симпозиуми, взаемна поддршка за конкурирање на стручни домашни и странски проекти, заеднички настап пред трети субјекти.

**Рокови**

Член 4

Меморандумот за соработка се потпишува по донесување одлука од соодветните органи на потписниците и има важност од пет години. Доколку ниедна од страните не го раскине договорот со оправдани причини со претходно писмено известување на договорната страна, неговата важност се продолжува за наредни пет години.

**Останати услови**

Член 5

Во прилог на овој договор како составен дел се: листите на области за натамошна соработка и листите на експерти учесници во соработката. Натамошно проширување на листите се врши во меѓусебен договор и по одлука на потписниците на меморандумот.

Член 6

Овој меморандум е направен во 4 (четири ) еднообразни примероци, по два за секоја страна и стапува на сила со денот на неговото попишување

Скопје, 02.03.2017

За КОМОРА

Претседател,
Д-р Миле Димитровски

СУГС Владо Тасевски

Директор,
М-р Билјана Глигорова